ICOM MACEDONIA

МНК ИКОМ

# билтен

BULLETIN
MNC ICOM

бр. 1
март 1995

## ИЗВРШЕН СОВЕТ НА ИКОМ 1992 - 1995:

ПРЕТСЕДАТЕЛ:

Dr. Saroj Ghose, Director General, National Council of Science Museums, Block GN, Sector V, Bidhan Nagar, CALCUTTA 700 091 (India), Telex 021.4356 NCSM IN - 021 7723 BITM IN - Cable: MUSOSCIENCE. Fax: (91.33) 34.60.08.

ПОТПРЕТСЕДАТЕЛИ:

Prof. Dr. Patrick Boylan, Head of Art Policy and Management, City University, Frobisher, Crescent Level 12, Barbican, LONDON, EC2Y 8BH (United Kingdom) - Tel.: (44.71) 477.87.50, Fax: (44.71) 477.88.87.

Dr. Vinos Sofka, Head, Department of Co-ordination & Museum Development, Statens, Historiska Museum, Box 5405,114 84 STOCKHOLM (Sweden) Tel.: (46.8) 783.94.00/57, Fax: (46.8) 667.65.78.

^ЛАГАЈНИК:

Mrs Marta De La Torre, The Getty Conservation Institute, 4503 B Glencoe Avenue, MARINA DEL REY, CA 90292-6537 (USA) tel.: (1.310) 822.22.99, fax: (1.310)821.94.09.

ЧЛЕНОВИ:

M. Sid Ahmed Baghli, CSI Bois de Boulogne, El Muradia, ALGIERS (Algeria) Tel.: (21 3) 259.27.29., Arq. Yani Herreman, Av. Contreras n 475, Col. San Jeronimo Lidice, C.P. 10200 MEXICO 18, D.F. (Mexico), Tel.: (52.5) 515.63.04, Fax: (52.5) 559.81.47.

Mrs Nancy Hushion, 489 King Street West, Suite 303 TORONTO, Ont. M5VK2P 1L3, (Canada), Tel.: (1.416) 351.02.16, Fax: (1.416) 351.02.17.

Dr. Don Me Michael, C.B.E..P.O. Box 4, MONARO CRESCENT, ACT 26o3 (Australia), Tel.: (61.62) 95.14.36, Fax: (61.62) 39.65.72

Mr. Manyando Mukela, Director, Nayuma Museum, P.O. Box 96, LIMULUNGA, Mongu (Zambia), Tel.: (07) 221.421

СЛУЖБЕНО ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА КОНСУЛТАТИВНИОТ КОМИТЕТ:

M. Jacques Perot, Directeur, Musee de loArmee, Hotel National des fnvalides, 75007 PARIS (France), Tel.: (33.1) 44.42.37.74, Fax: (33.1) 42.73.19.22.

## ЧЛЕНОВИ НА МАКЕДОНСКИОТ НАЦИОНАЛЕН КОМИТЕТ НА ИКОМ:

I. ИНДИВИДУАЛНИ ЧЛЕНОВИ СО ПРАВО НА ГЛАС:

1. Абаџиева-Димитрова Соња, кустос советник, Музеј на современа уметност, Скопје.
2. Ајрулахи Јакуп, слободен уметник, ул. Боро Менков 3-4/13, Скопје.
3. Андоновска Нада, водич, Музеј на Македонија. Ќурчиска 6.6., Скопје, тел. (389 91) 116 044.
4. Атанасовски Зоран, кустос, Музеј на град Скопје.
5. Богоески д-р Крсте, кустос советник, Музеј на град Скопје.
6. Бочварова-Плавевска Марика, виш кустос, Музеј на современа уиетност, Скопје.
7. Зафировска Фросина, виш конзерватор, Музеј на град Скопје.
8. Коробар Климе, директор, Музеј на град Скопје.
9. Михајлова м-р Бранислава, директор, Природонаучен музеј на Македонија, Скопје, тел.: (389 91) 117 669, факс: (389 91) 116 453.
10. Петковски Ристо, директор, Завод за заштита на спомениците на културата и музеј, Штип, тел. и факс : (389 92) 31 369.
11. Петровски Зоран, директор, Музеј на современа уметност, Скопје.

II. ИНСТИТУЦИОНАЛНИ ЧЛЕНОВИ:

1. Музеј на град Скопје, Мито Хаџивасилев б.б., 91000 Скопједел.: (389 91) 114 742 и факс: (389 91) 115 367.
2. Музеј на современа уметност, Самоилова б.б., 91000 Скопје, тел: (389 91) 117 735 и факс: (389 91) 235 244.

## MEMBERS OF THE MACEDONIAN NATIONAL COMMITTEE OF ICOM

I. INDIVIDUAL MEMBERS WITH A VOTING RIGHT

1. Abadzieva-Dimitrova Sonja, advisory curator, Museum of Contemporary Art, Skopje.
2. Ajrulahi Jakup, free lance painter, ul. Boro Menkov 3-4/13, Skopje.
3. Andonovska Nada, guide, Museum of Macedonia, Kurciska b.b., Skopje, tel. :(389 91)116 044.
4. Atanasovski Zoran, curator, City Museum of Skopje.
5. Bogoeski d-r Krste, advisory curator, City Museum of Skopje.
6. Bocvarova-Plavevska Marika, senior curator, Museum of Con temporary Art.
7. Zafirovska Frosina, senior conservator, City Museum of Skopje.
8. Korobar Klime, director, City Museum of Skopje.
9. Mihajlova m-r Branislava, director, Museum of Nature and Science of Macedonia, Skopje, tel.: (389 91) 117 669, fax: (389 91) 116 453.
10. Petkovski Risto, director, Institute for Protection of Monuments of Culture and museum, Stip, tel. and fax: (389 092) 31 369.
11. Petrovski Zoran, director, Museum of Contemporary Art.

II. INSTITUTIONAL MEMBERS:

1. City Museum of Skopje, Mito Hadzivasilev, b.b., 91000 Skopje, tel.: (389 91) 114742,fax: (389 91) 115367).
2. Museum of Contemporary Art, Samoilova b.b, 91000 Skopje, tel.: (389 91) 117 735, fax: (389 91) 235 244.

## ИЗВРШНО БИРО НА МАКЕДОНСКИОТ НАЦИОНАЛЕН КОМИТЕТ НА ИКОМ 1994-1996:

ПРЕТСЕДАТЕЛ: Д-р Крсте

Богоески

ЧЛЕНОВИ:

Нада Андоновска, м-р Бранислава Михајлова, Ристо Петковски и Зоран Петровски.

## EXECUTIVE BODY OF THE MACEDONIAN NATIONAL COMMITTEE OF ICOM 1994-1996:

PRESIDENT:

Dr. Krste Bogoeski

MEMBERS:

Miss Nada AndoNovska, Mrs Branislava Mihajlova, M. Risto Pekovski and Mr. Zoran Petrovski.

# ЕДИТОРИАЛ

Настручнатамузеолошка и напоширокатајавност од Република Македонија со задоволство можеме да им го понудиме гласилото на Македонскиот национален комитет на Меѓународниот совет на музеите (МНК ИКОМ) - "БИЛТЕН - МНК ИКОМ", во кого ќе се обработуваат информации од активноста на Македонскиот национален комитет и на ИКОМ во светот. Македонскиот национален комитет на ИКОМ е формиран на 12 мај 1993 година, а на 7 и 8 декември 1993 година, Извршниот совет на ИКОМ во Париз го потврди неговото основање. За жал, поради бирократско-административни пречки сеуште не е извршена регистрација на овој Комитет и во нашава Република. МНК ИКОМ има задача активно да се вклучува во светските музеолошки текови и да претставува мост помеѓу стручните лица од нашава земја и од светот. Неговите активности се директно поврзани и условени од ИКОМ во Париз. Меѓународниот совет на музеите е организација со непрофитни задачи, посветена на промоцијата и развојот на музеите и музејската струка. Основан во 1946 година, ИКОМ конституира една светска мрежа на комуникација на музејските стручњаци од сите дисциплини и специјалности. Во моментов брои над 10.000 членови во 120 земји. Тој е приврзан со УНЕСКО како невладина организација од А категорија и ужива консултативен статус при Економскиот и социјалниот совет на Обединетите нации. Неговиот секретаријат и неговиот Центар за информации, сместени во Париз, обезбедуваат секојдневно функционирање на организацијата и координацијата на своите активности и на своите програми. Центарот за информации е најважната специјализирана библиотека во светот која што се однесува за сите аспекти од администрацијата и функционирањето на музеите, За значењето на ИКОМ зборуваат повеќето активности преземани во минатото како и оние што сега се преземаат, како што се: -прашањето на недозволена трговија со културното наследство на одделни народи; -Кодекс-от на стручната деонтологија; -изработката на Diksionarium Muzeologikum; -мисиите во земјите со недоволно развиена музејска дејност или во подрачјата зафатени со војна; - стручни и научни расправи за различни прашања на музеологијата и слично. ИКОМ соработува со УНЕСКО, со ИКОМОС, со Интерпол и со други организации кои што се занимаваат со заштитата и комуникацијата на музејските предмети. За сите активности на ИКОМ во светот кај нас, се надеваме дека гласилото "БИЛТЕН-МНК ИКОМ" благовремено ќе информира и ќе претставува прозорец кон светот, постојано отворен за набљудување и за задоволување на стручното љубопитство. Во интерес на културното и природното наследство што се чува во музејските установи на Република Македонија, но и во интерес на функцијата што ја има тоа наследство, се прават овие први чекори на нашиов "БИЛТЕН-МНК ИКОМ".

Срећно

Д-р Крсте Богоески

# EDITORIAL

It is my pleasure to announce to the museum professionals and to the audience outside the museum walls the periodical of the Macedonian National Committee of the International Council of Museums "BULLETIN - MNC ICOM" designed to inform about the activities of the Macedonian National Committee and ICOM all over the world. The Macedonian National Committee of ICOM was formed on 12 May 1993, its establishing being confirmed by the ICOM Executive Council in Paris on 7-8 December I993. Unfortunately, the formal registration of this Committee in the Republic of Macedonia has not been carried out yet, due to some bureaucratic and administrative problems. MNC ICOM has set for itself the guidelines of following the trends of the world museology and bridging over the gap between Macedonian museum employees and the professionals from all over the world. Its activities ar closely related with and conditioned by the ICOM i Paris. The International Council of Museums is a nonprofit organization dedicated to improvement and advancement of museums and museum profession. Founded in 1946, it provides a worldwide communications network for museum people of all disciplines and specialities. It counts some 10.000 members in 120 countries. It is associated with UNESCO as "A" category Non-Governmental Organization and has been granted advisory status by the United Nations Economic and Social Council. Its Paris-based Secretariat and Museum Information Centre assure the day-to-day running of the Organization and the coordination of its activities and programmes. The Information Centre is the world's largest repository of information on all aspects of museum management. The important role of ICOM can be perceived in the numerous activities that it carried out in the past and it still takes up at present, including the problem of illicit traffic of cultural heritage of certain nations; the Code of Professional Deontology; working out a Diksionarium Museo-logikum; missions in countries with undeveloped museum activities and in war inflicted countries; expert and scientific discussions on different matters dealing with museology, etc. ICOM has established cooperation with UNESCO, ICOMOS, Interpol and other organizations concerned with protection and communication of museum items. We sincerely hope that the MNC - ICOM bulletin will manage to inform about all the activities of ICOM in Macedonia and all over the world continually and accurately, and became a window to the world, constantly open for observation and satisfying the professional curiosity. MNC ICOM bulletin is making the first steps for the benefit of natural and cultural heritage stored and maintained in museum institutions all over the Republic of Macedonia, but also stands in service of the function that heritage is about to perform.

Good luck

Dr. Krste Bogoeski

# ПРОГРАМА МНК ИКОМ
## 1994-1996

*ПРОГРАМСКИТЕ АКТИВНОСТИ НА МНК ИКОМ ВО НАРЕДНИТЕ ТРИ ГОДИНИ ЌЕ БИДАТ НАСОЧЕНИ КОН СЛЕДНОТО:*

- Организационо зацврстување и формирање стручна организација (Музејски документарен центар);
- Меѓународна афирмација на музејските дејности од Република Македонија, како и афирмација на светската музеологија кај музејските работници во Македонија;
- Поврзување со одделни интернационални коми- гети, според застапените струки (трансмисија);

w~ Вклучување во работата на највисоките органи наИКОМ;

- Техничко опремување на МНК ИКОМ и слично.

*ВО ПРОГРАМСКИОТ ПЕРИОД ЌЕ СЕ ВРШАТ СЛЕДНИВЕ АКТИВНОСТИ:*

1. Одбележување на Денот на музеите 18 Мај; За 1994 година се предвидува активностите да се одвиваат под мотото: "Во кулисите на музеите".

За таа цел се предвидува:

- Напис за внатрешната музејска дејност;
- Плакат посветен на мотото на денот на музеите;
- Информирање на сите музеи во Македонија да FO одбележат Меѓународниот ден на музеите.

2. Издавачка дејност:

- Издавање на БИЛТЕН - МНК ИКОМ;
- Превод и печатење на Статутот на ИКОМ и Кодексот на стручната деонтологија;
- Превод на текстови од "Museum International" (избор).
- Дел од овие активности ќе се одвива во 1994 година, а друг дел во наредните години.

3. Панел-дискусија: "Музеите во Македонија во транзитивниот период".

4. Присуство и активно учество во работата на највисоки органи на ИКОМ:

- Присуство на 52-та седница на Консултативниот комитет на ИКОМ од 13 до 15 јуни 1994 година во својство на член на Комитетот и присуство на 80-та седница на Извршниот совет на ИКОМ од 16 до 17 јуни 1994 година во Париз, во својство на посматрач;
- Учество на 17-та Генерална конференција на ИКОМ во јули 1995 година во Ставангер-Норвешка;
- Натамошноучество во работата на Консултатив- ниот комитет во наредните години.

5. Формирање на Музејски документарен центар со:

- стручна музеолошка библиотека;
- архива на МНК ИКОМ;
- архива на МДМ;

6. Техничка опрема на МНК ИКОМ:

- компјутерска опрема со печатар;
- телефакс.

7 февруари 1994, Скопје

# MNC IKOM PROGRAMME
## 1994- 1996

All the activities of MNC ICOM anticipated for the period 1994-1996 are dedicated to the international affirmation of the museum activities in Macedonia, as well as to affirmation of the world museology within the museum professionals in Macedonia

1. Celebration of the International Day of Museums on 18 May.

2. Publishing a MNC ICOM Bulletin and translation and publishing of the ICOM Statute and the Code of Professional Deontology, as well as translation of selected articles from Museum International.

3. Panel-discussion on the topic "Museums in Ma cedonia in the Transitional Period"

4. Attendance of the work of the highest bodies of ICOM, including the 52 Session of the Advisory Com mittee of ICOM on 13-15 June and 80 Session of the Executive Committee of ICOM on 16-17 June in Paris in the role of observer and active participation in the 17 General Conference of ICOM in Stavanger-Norwey.

5. Institution of Museum Documentation Center

6. Providing technical equipment for MNC ICOM.

## *АКТИВНОСТИ:*

## 1. МЕЃУНАРОДЕН ДЕН НА МУЗЕИТЕ 1994 "ЗАД КУЛИСИТЕ НА МУЗЕИТЕ"

На 18 мај 1994 сите музеи во светот го прославија Меѓународниот ден на музеите, користејќи ја како мото темата "Зад кулисите на музеите". Востановен од Меѓународниот Совет на Музеите во 1977 и прифатен од националните комитети на 90 земји, Меѓународниот ден на музеите во 1994 беше можност да се информира јавноста за значајната улога што ја одигруваат музеите во општеството. И тој секако претставуваше своевиден предизвик, бидејќи темата им овозможи на музејските работници да ги откријат и најскриените агли од музејските простори и да ги отворат кулисите за јавноста, тргнувајки го превезот од малку познатиот дел од музејските активности, чија што цел е истражување, прибирање, заштита и презентирање на природното и културното наследство.

Обележувањето на Меѓународниот ден на музеите минатата година беше организирано од страна на МНК ИКОМ. За таа цел беше изработен постер со познатата симболика на ИКОМ и темата "Зад кулисите на музеите", чиј автор беше арх. Климе Коробар. Плакатот беше испратен до сите музејски установи во Македонија заедно со допис во кој беше образложена темата, со напомена дека секој музеј може сам да ја одбере формата на обележување на денот.

Во таа смисла, Музејот на Современа Уметност од Скопје организираше на 18 мај промоција на каталогот за инсталацијата на Недко Солаков, гостин од Бугарија, насловена "Суеверен човек". Вотаа пригода, авторот говореше за своето дело.

Музејот-Завод од Охрид ја продолжи традицијата на организирање изложби на современа уметност во Куќата на Уранија по повод Меѓународниот ден на музеите. Таа започна пред неколку години со презентирање на дела со кои што музејот се стекнал преку организирање на самостојни изложби, при што авторите му подаруваа по едно од изложните дела на музејот во трајна сопственост. На тој начин, Музејот-Завод од Охрид секоја година го обележува Меѓународниот ден на музеите со изложување на делата со кои што се стекнал во изминатата година.

Во согласност со темата, Народниот музеј од Гевгелија испрати до средствата за јавно информирање опсежна информација за своите активност. Работата на Музејот беше презентирана од повеќе аспекти, вклучувајки ја и организационата поставеност, односно бројот на одделенија застапени во Музејот и стручната оспособеност на вработените, чија што задача е одржување и заштита на културното наследство. Во Музејот-Галерија Кавадар-ци, Меѓународниот ден на музеите беше обележан со отворање на изложбата "Портрети на македон-ските војводи" од Драгољуб Јовановски Шарпирин-ски. Бројот на музеите што секоја година се вклу-чува во обележувањето на Меѓународниот ден на музеите е се поголем, што претставува значаен при-донес кон успешна афирмација и презентација на музејските активности, не само меѓу музејските ра-ботници, туку и меѓу публиката.

Нада Андоновска

## INTERNATIONAL DAY OF MUSEUMS 1994 "BEHIND THE STAGES OF MUSEUMS"

On 18 May 1994 all the museums in the world celebrated the International Day of Museums, focusing on the topic "Behind the Stages of Museums". Introduced by ICOM in 1977 and adopted by the national committees of 90 countries, the International Day of Museums was in 1994 an opportunity for announcing to the audience the extremely important role played by museums in society. And it was certainly a challenge, because the subject in focus enabled the museum professionals to unveil the most secluded corners of the museums and open the back-stages to the audience, revealing the concealed part of their activities aimed at researching, collecting, protection and presentation of cultural and natural heritage.

The celebration of the International Day of Museums in Macedonia was in 1994 organized by the MNK ICOM. To that purpose, a poster was designed by architect Klime Korobar implementing the symbols of ICOM and yielding an artistic approach to the motto "Behind the Stages of Museums". A copy of it was sent to every museum in Macedonia together with the ICOM's communique explaining the theme. A point was also made that each museum should choose the form of marking the International Day of Museums.

In that sense, the Museum of Contemporary Art in Skopje organized on 18 May 1994 a promotion of

the catalogue published for the installation "Superstitious Man" by the Bulgarian artist Nedko Solakov. After the promotion, the author spoke about his work.

The Ohrid Museum continued the traditio'n of organizing exhibitions of modern paintings on the occasion of the International Day of Museums. It started few years ago by presenting works of art that the museum has acquired by organizing one-man exhibitions, each painter leaving to the museum in lasting possession one of the displayed creations. From than on, the Ohrid Museum marks the International Day of Museums by exhibiting in the House of Urania the paintings acquired in the year before.

Complying with the theme, the National Museum of Gevgelija sent to all the local newspapers and radio and TV networks extensive information about its activities. The work of the museum was presented in all its aspects, including the organization scheme, the number of departments, the kind of professions it employs and the extent of professional training for performing the tasks of preservation and maintenance of the cultural heritage.

The International Day of Museums was in the Museum-Gallery in Kavadarci marked by opening of the exhibition "Portraits of Macedonian Vojvodas " by Dragoljub Jovanovski Sarpirinski. It included portraits of commanders of rebellion armies that took part in the uprisings of Macedonians against the Turkish rule.

The ever increasing number of museums involved every year in celebration of the International Day of Museums has gradually resulted in successful promotion and presentation of museum activities, not only among museum professionals, but also within the audience.

Nada Andonovska

# 2. 52. СЕДНИЦА НА КОНСУЛТАТИВНИОТ КОМИТЕТ И НА 80. СЕДНИЦА НА ИЗВРШНИОТ СОВЕТ НА ИКОМ

## */Извештај/*

52. седница на Консултативниот комитет на ИКОМ се одржа од 13 до 15 јуни 1994 година во Париз. На неа присуствуваше и претседателот на МНК ИКОМ д-р Крсте Богоески во својство на член на Консултативниот комитет. На седницата беа разгледани и усвоени повеќе извеш таи на органите на ИКОМ и на одделни работни групи и мисии. Беше расправано за односите со УНЕСКО и со другите организации од интерес за музејската дејност и струка. Беа разгледувани одделни состојби со музејската дејност во различни региони во светот и се донесоа повеќе решенија и препораки. Да наведеме дел од тие решенија кои ќе овозможат унапредување на дејностите и струката:

1. Продолжување со одржувањето на регионалните советувања за борба против недозволената трговија со културни добра, како што ќе биде она во Cuenca (Equador) од 5 до 10 февруари 1995 година.

2. Информирање на музејските стручњаци за Кодексот на стручната деонтологија, чие значење се зголемува особено денес кога е зголемена недозволената трговија со културни добрз.

3. Земјите што до сега не извршиле ратификација на Конференцијата од 1970 година за мерките против недозволената трговија со културни добра, тоа да го сторат.

4. Беше договорено на Генералното собрание во 1995 година да се предложат измени во Статутот на ИКОМ во врска со поделбата на гласовите на Генералното собрание помеѓу меѓународните комитети, националните комитети и придружните организации на ИКОМ.

5. Консултативниот комитет ја утврди препораката дека прашањето на консултантите треба да падне во надлежност на Комитетот за стручната деонтологија за да го дефинира поимот консултант (различен во секоја земја) и евентуално да предложи деонтолошки правила за нивната партиципација во ушституциите на ИКОМ. Консултативниот комитет подеднакво предвидува да биде создадена една нова категорија на членови.

6. Консултативниот комитет реши да не го ограничува бројот на меѓународните комитети, но да го направи потешко нивното создавање. Тие дефинитивно би биле создадени по еден пробен период од три години.

7. Што се однесува до Комитетот за нумизматика, тој препорача пробниот период да трае до Генералната конференција во Ставангер (Норвешка).

8. Консултативниот комитет ја прифати англиската верзија на новото име за Меѓународниот комитет за јавни односи: "КОМИТЕТ ЗА МАРКЕТИНГ И ЈАВНИ ОДНОСИ" и бара од Комитетот да направи предлог за француската верзија.

9. Меѓународниот ден на музеите за 1995 година ќе биде одбележан под мотото: "СОЛИДАРНОСТА ПОМЕЃУ МУЗЕИТЕ -ОДГОВОР И ОДГОВОРНОСТ".

На 80-та седница на Извршниот совет на ИКОМ која се одржа на 16 и 17 јуни 1994 година во Париз, на која присуствуваше, исто така, претседателот на МНК ИКОМ во својство на посматрач, беа расправани парашања од доменот на Извршниот совет. Беа прифатени повеќе сугестии и препораки на Консултативниот комитет, при што некои работи влегоа во конкретна операционализација, како на пример, формирањето на Меѓународниот комитет за нумизматика, потоа, определена е котизацијата за 1995 (за индивидуални членови останува 260 FF, а за институционални 2 785 FF), продолжено е финансирањето на одделни проекти и работни групи и слично.

Во целина земено, нашето присуство на овие седници овозможи да се воспостават поблиски контакти и со раководствата на ИКОМ, но и со одделни национални комитети на ИКОМ и поединци во светот. На крајот сакаме да подвлечиме дека присуството на нашиот претставник на овие седници го обезбедија: Министерството за култура на Република Македонија (дневни трошоци) и Хуманитарната фондација Сорос (патни трошоци).

К.Б.

# 3. ИНИЦИЈАТИВИ:

- Во октомври 1994 година дадена е иницијатива до Владата на Република Македонија за ратификација на Конвенцијата што се однесува на преземањето мерки за забрана и спречување увоз, извоз и трансфер на недозволена сопственост на културни добра.

- Во октомври 1994 година, исто така, дадена е иницијатива до Владата на Република Македонија за земање во обѕир на Кодексот на стручната деонтологија при изработката на новиот Закон за музејска дејност.

К. Б.

# 4. ЕВРОПСКИ МУЗЕЈ НА ГОДИНАТА

Под покровителство на Советот на Европа, повеќе години се организира Наградата "Европски музеј на годината". Целта на оваа Награда е да се поттикнат музејските установи да ги вршат музејските дејности во согласност со востановените светски норми од сите делови на музејската служба, почнувајќи од научно-истражувачката и прибирачка работа, чувањето и заштитата, како и комуникацијата. За избор за Наградата во обѕир се земаат два вида музеи, и тоа:

а) Музеи кои што изготвиле значајна програма за модернизација, проширување, реорганизација или различно презентирање на поставката во текот на изминатите две години;

б) Нови музеи, за прв пат отворени за публиката во текот на изминатите две години. Директор на овааафирмирана институција е истакнатиот англискимузеолог Kenneth Hudson, којуште преддесетинагодини ги "проповедаше" таканаречените "десетбожји заповеди", кои што треба еден музеј да ги исполни за да биде сериозен кандидат за освојување наНаградата "Европски музеј на годината". Да наведеме само дел од тие "заповеди", а особено: првиот впечаток на посетителот на музејот (изгледот, хигиената, односот на персоналот со публиката); уреденоста на изложбите (легенди, предмети, витрини, подови, осветление); документацијата (систем на картотеки, ажурност, примена на современа технологија); заштитата (депои, услови зачување); издавачката дејност (каталози, монографии); посетеност на музејот од публиката и друго. Наизглед наведените услови се ситни, но многу музеи на нив не обрнуваат внимание и се случува баш тие ситни работи (хигиената, односот и сл.) да го нарушат угледот на музејот во сопствената средина. На крајот да го кажеме и тоа дека во текот на ноември 1994 година е распишан конкурсот за Наградата "Европски музеј на годината 1996", чиј рок за пријавување е до 31 март 1995 година. Посебна комисија ќе врши контрола во текот на летото и есента 1995 година, за да ги процени и потврди наведените факти во пријавата насекој музеј, а резултатите ќе се соопштуваат во пролетта 1996 година.
На музејските установи останува да проценат дали ги исполнуваат наведените услови и да се пријават за освојување на оваа Награда.

Адреса; *European Museum of the Year Award (EMYA) Administrator: Ann Nicholls, PO Box 913, Wine Street, BRISTOL, BS995STTel. 0117 9238897 Fax 0117 973 2437*

К. Б.

# 5. ЛЕТНА МЕГУНАРОДНА ШКОЛА ЗА МУЗЕОЛОГИЈА

Во организација на Униврзитетот Масарик во Брно, Чешка, веќе осум години се одржува Летна меѓународна школазамузеологија. Имено, во 1987 година почна првата сесија на оваа Школа. Отворањето на Школата беше резултат на иницијативата на Универзитетот Масарик и Музејот на Моравија во Брно, која беше поддржана од Владата на тогашната Чехословачка и од други релевантни меѓународни институции, како УНЕСКО, ИКОМ, ИКОФОМ и слично. Појавата на Летната меѓународна школа за музеологија е резултат на големата традиција во доменот на музеолошката теорија и настава во Чешка, која датира од 1921 година, а свои потврди има во 1963 и 1965 година. Во креирањето на Студиската програма на Школата, користено е долгогодишното чешко искуство на полето на музеолошката теорија и практика. Притоа таа е ориентирана кон систематско откривање на единството на музеолошките и музеографски сознанија. Во практиката се организирани три курса, и тоа:

A. Општа музеологија со траење од три недели, и два специјални курса:

B. Колекции: собирање, селекција, тесаурација

C. Кулгурна и педагошка акција, со траење по две недели. Наставата се изведува на англиски или француски јазик, а кандидатите со завршените А, В и С сесии имаат можност да се здобијат со посебна диплома и да ги продолжат студиите за докторат -wa Универзитетот "Масарик". Право на упис имаат лица со стекната факултетска диплома од некоја од научните дисциплини застапени во еден музеј, и кои за курсот под А. ќе уплатат 950 US$ или 990 US$ (во зависност дали собата е еднокреветна или двокреветна), а за сесиите В. и С. ќе уплатат по 650 или 690 US $ no лице. На Летната меѓународна школа за музеологија настава држат потврдени странски и чешки музеолози, така што посетителите на овие курсеви имаат можност да добијат солид-ни, меѓународно верификувани знаења од музеологијата. Заинтересираните кандидати можат да добијат подетални информации за Летната меѓународна школа за музеологија 1995, во седиштето на МНКИКОМ.

К.Б.

# 6. МЕЃУНАРОДНА ЛЕТНА ШКОЛА ЗА СТУДИИ НА НАСЛЕДСТВОТО

Во организација на Alvar Aalto Museum, Jsbacksлa, Финската музејска асоцијација и Финскиот национален комитет на ИКОМ, од 5 до 11 јуни 1995, на Институтот за музеологија при Универзитетот "Jyvaskyla", ќе се одвива сесијата на Меѓународната летна школа за студии на наследството. На Школата како предавачи се ангажирани повеќе меѓународно потврдени мултидисциплинарни стручњаци од Финска и од други земји, кои ќе го разработуваат прашањето наодносотпомеѓумузеите, општеството и културното наследство. Оваа година, во оваа сесија Пилот-проектот гласи: "Наследството и развојот". Притоа, ќе бидат разработени различните аспекти на наследството и туризмот. Подетални информации може да се добијат во седиштето на МНК ИКОМ-Скопје.

К.Б.

# 7. ПАЗАР НА МУЗЕЈСКИ ИЗЛОЖБИ

На 18 и 19 мај 1995 година во Париз ќе се одржи Пазар на изложби за сите видови на музеи (јавни или приватни), културни центри, фондации, независни организтори и слично.

Првиот ден е посветен на размена на изложби меѓу учесниците (музеи или немузеи), како и на финансиите, маршрутите и културниот туризам. Вториот ден е резервиран за снабдувачите и извршителите на услуги од секаков вид, неопходни за реализирање на една изложба.

Пазарот на изложби е погодна прилика за пласман на наши изложби и идеи за изложби на светскиот музеолошки пазар, но и прилика за прифаќање на одделни изложби во нашите средини.

Подетално за пропозициите на учество и за други информации обратете се во МНК ИКОМ.

К.Б.

## ЗАЧЛЕНЕТЕ СЕ ВО ИКОМ

Зачленувањето во ИКОМ не значи само придонес кон виталноста на оваа стручна асоцијација и развојот на македонската култура, туку тоа претставува и мож-ност новите колеги да ги ползуваат структурите на ИКОМ:

• за размислувања во врска со тематиката и со интердисциплинарноста;

• за средби со стручњаци од музеолошката сфера од Македонија и од странство. Информирајте ги вашите колеги за активностите на ИКОМ и поканете ги да се приклучат кон оваа стручна асоцијација.

**МАКЕДОНСКИ НАЦИОНАЛЕН КОМИТЕТ НА ИКОМ**
Музеј на град Скопје "Мито Хаџивасилев" 6.6. 91 000 Скопје, тел.: (389 91) 114-742, факс: (389 91) 115-367

**ИЗДАВАЧКИ СОВЕТ:** Одговорен уредник: Д-р Крсте Богоески, Членови: Климе Коробар, Нада Андоновска, Фросина Зафировска, Соња Абаџиева-Димитрова, Дизајн и компјутерска обработка: Гордана Георгиевска. Превод на англиски: Нада АндОНОВСка, Год. 1, Бр. 1, март 1995, Скопје, UDC 069,